Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05–003388/18-0001 од 12.01.2018 г.

2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, се менуваат податоците за вредност за набавката со број 33 од основниот План за јавни набавки за 2018 година и истата гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 |
| 8. | Одржување на машинска хала и клима уреди | | Февруари | 3.940.678,00 | 4.650.000,00 | Отворена постапка | Тригодишна набавка |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, се дополнува со нови набавки кои гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Услуги за резервација на авионски билети | | --- | 2.118.644,00 | 2.500.000,00 | --- | Преку СОЗР согласно чл.23 од ЗЈН |
| 2. | Набавка на услуги за фиксна телефонија | | --- | 1.355.932,00 | 1.600.000,00 | --- | Преку СОЗР согласно чл.23 од ЗЈН |
| 3 | Набавка на услуги за мобилна телефонија | | --- | 1.101.695,00 | 1.300.000,00 | --- | Преку СОЗР согласно чл.23 од ЗЈН |

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање број 29-013655/18-0001 од 14.02.2018 година од Одделение за инвестиции и одржување во САТР за дообезбедување на финансиски средства и зголемување на проценетата вредност на тригодишната јавна набавка на Одржување на машинска хала и клима уреди. Имено, поради застареност и амортизираност на опремата и инсталациите, машинските делови и уредите на граничните премини во објектите со кои стопанисува Царинска управа на Република Македонија предвидените средства во износ од 2.250.000,00 денари се недоволни за нивно тригодишно одржување. Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0015 од 23.02.2018 година, за оваа набавка ќе бидат планирани и обезбедени финансиски средства во вкупен износ од 4.650.000,00 денари со Буџетот на Царинска управа за 2018, 2019 и 2020 година.

- Во насока на правилна примена на одредбите од член 26 став 1 од Законот за јавни набавки, согласно кој договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, а вкупните потреби ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки, годишниот план за јавни набавки се дополнува со 3 нови набавки (услуги за резервација на авионски билети, услуги за фиксна телефонија, услуги за мобилна телефонија) кои ќе бидат набавени преку СОЗР, согласно со член 23 од Законот за јавни набавки. Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0011 од 20.02.2018 година, за овие набавки се обезбедени предметните финансиски средства со Буџетот на Царинска управа за 2018 година.

Директор
м-р [illegible]ко Танасоски

Број 05-003388/18 - 0016
Скопје, 01 03. 2018 година

Изработил: Мирјана Станоева

Одобрил: Јово Ѓутески

Доставено во оригинал до:

- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:

- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи